# 120. СОН СОНИЛА ОРДАНИЦА




Сон сонила Орданица.
Од Ордана Пиперката,
На полноќ се разбудила,
Ордан за рака го гибнала.

Стани Ордан, да би нестанал,
Лош сон сум ти сонувала,
Да не одиш, Ордан, село Вефчани,
Оти е село сардисано.

Ти не бој се, мори, Орданице,
Ја подај ми сабја вренгија,
И да нарамам тенка пушка.

Да излезам, мори, пред четата,
Па да видам, мори, Орданице,
Кој го село, село сардиса.

Кога ќе види, Ордан, што ќе види,
Цело село, море, сардисано,
Знак даде, Ордан, со пушката,
Аскер писнал до господа,
Од Ордана Пиперката.